0Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2024, до 15.9.2023 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: Национален младински совет на Македонија

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 6908446

Седиште и адреса (улица, број, општина): Вељко Влаховиќ 7/1-1

Застапник: Мариана Ангелова

Веб страница: www.nms.org.mk

Електронска пошта (e-mail): info@nms.org.mk

Телефонски број за контакт: 078 332 401

Лице за контакт: Мариана Ангелова

## Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година

**Наслов на иницијативата: Закон за младински стандард**

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2024. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk **me shënim Iniciativa për PVQRMV 2024, deri më 15.9.2023.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

## Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin

Emri i shoqatës/ fondacionit:

NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror):

Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna):

Proqesverbali:

Faqja e internetit:

Posta elektronike ( e-mail):

Numri i telefonit për kontakt:

Personi për kontakt:

## Propozim-iniciativa për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2024

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Директно влијае на исполнување на следниот стратешки приоритет на Влада: обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните, особено во делот на квалитет на живот.

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik të caktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Директно е поврзано со следниве стратешки цели и прирритети на Влада:

1) имплементација на Целите за одржлив развој согласно Агендата 2030 на Обединетите Нации и Имплементацијата на новата Рамка за развојна соработка со Обединети Нации за периодот 2021-2025;
2) обезбедување на единствен внатрешен пазар за подобар животен стандард на граѓаните преку поголема заштита на потрошувачите и слободно движење на стоки и услуги;
3) унапредување на концпетот на родова еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, превенција и заштита од сите форми на насилство и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите;
4) заштита на животната средина и одржливо користење на природните ресурси преку воспоставен механизам за наплата на екосистемски услуги;
5) спроведување на политики за просторно планирање;
6) преземање и примена на најдобрите практики и стандарди на Европската Унија.

Дополнително, донесувањето на Закон за младински стандард индиректно ќе влијае на голем број на приоритетни цели.

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

**NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat i kapitullit dhe rajonit)

Кластер 3: Конкурентост и инклузивен раст, 3.19.5 Социјална вклученост, 3.19.6 Социјална заштита 3.19.7 Заштита од дискриминација и еднакви можности, 3.26 образование култура и млади, но бидејќи стандард како термин опфаќа широк спектар на области, ова може директно да се поврзе со речисите сите подрачја и поглавја.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë pë akt ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore)

Во моменталниот закон за студентски стандард и законот за ученички стандард уредено е домувањето на студентите и учениците во студентските и ученичките домови и начинот на кој се аплицира, распределувањето на стипендии за студенти и средношколци од страна на државата и начинот на кој се аплциира за туторството како еден од механизмите за добивање на дополнителни поени кои ќе помогнат да се добие стипендија за студенти. Со таквата поставеност двата закони ја охраничуваат дефиницијата за што значи студентски и ученички стандард и во оваа дефиниција не влегуваат останатите активности кои државата веќе ги реализира ниту пак опфаќа широк спектар на области кои веќе се уредени на европско ниво (сексуално и репродуктивно здравје, ментално здравје, домување, економска независност, мобилност итн). Токму поради ваквите ограничувања се јавува потреба од постојано носење на нови закони, како на пример Закон за студентски оброк, најава на потенцијален Закон за младинска гаранција, а дел од мерките кои не се законски регулирани како на пример бесплатен јавен превоз, одлука за попусти во културно-спортски установи, програмата Купи-куќа купи стан и други мерки остануваат на волјата и на одлука која се носи секоја година од надлежните раководители на надлежните институции. Дополнително, иако надлежни за животниот стандард треба да се сите институции, ваквата ригорозна и ригидна поделба во овој конкретен случај го наметнува како одговорно Министерството за образование и наука, што ги ослободува другите институции од одговорност. Затоа, уште од 2018, токму преку овој механизам за предлози за годишната програма како НМСМ поднесовме иницијатива

за креирање на нов закон, Закон за младински стандард, кој би ги опфатил сите области кои го дефинираат зборот стандард и на едно место би ги дефинирало сите државни мерки и сите одговорни институции. Ова е особено важно и од аспект дека моменталните два закони не ги опфаќаат никако младите лица кои не продолжиле со студии, ги завршиле студиите, се млади невработени лица туку се фокусира најчесто на возрасната група помеѓу 18 и 23 години, заборавајќи ги младите до 29 години (согласно дефиницијата за млади од Закон за младинско учество и младински политики). Уште од 2018 година овој предлог на НМСМ беше прифатен и преку првата владина младинска седница беше делегиран во надлежното министерство со цел да се отвори работна група и да се креира Закон за младински стандард. 5 години потоа, најмногу поради честите промени на раководните лица во МОН а потоа и поради немањето желба да се регулираат сите области кои го дефинираат младинскиот стандард, имаме предлог Закон за младински стандард на кој работеа различни работни групи, се клучија повеќе засегнати страни и институции и законот наместо на млади се фокусираше на административни процедури, пресметки за плати на административни работници и процеси за вработување.

Бидејќи МОН не соработува за прифаќање на меѓународните дефиниции за младински стандард и општо за стандард, потребно е повторно отварање на овој процес на повисоко ниво и вклучување на останатите надлежни институции – Министерство за труд и социјална политика, Агенција за млади и спорт, Министерство за економија, Министерство за здравство.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

**Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa)

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

**Implikime financiare:** (A shkakton propozim-iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?)

Конкретната изработка на Законот за младински стандард нема да има финансиски импликации, меѓутоа мерките и активностите кои ќе се предвидат внатре ќе имаат

финансиски импликации. Важно е да се напомене дека најголемиот дел од овие мерки и активности се веќе предвидени во годишните буџети на надлежните институции, само не се систематизирани, конкретизирани и хармонизирани.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

**Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit):

Потпис на застапникот

14.09.2023 година ---------------------------

М.П.

Nënshkrimi i përfaqësuesit

------ 2023 ------------------------------

V.V